2016

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# МЕСЕЧНА ПРЕСМЕТКА ЗА ИНТЕГРИРАНА НАПЛАТА

Пополнување и доставување на месечни податоци за пресметани плати, придонеси и персонален данок (образец “МПИН“)

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу" бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 11.03.2016 година

Уредници: Весна Новаковиќ - Канцеларија за односи со јавност и комуникација
Ивана Дончевска - Сектор за утврдување и наплата на даноци
Билјана Јовановска - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци
Кристина Стојановска - Сектор за информатичка технологија

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Канцеларија за односи со јавност и комуникација

Наслов: Месечна пресметка за интегрирана наплата

ISBN: 978-608-4592-70-9
Бр: 10-1951/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/53

**2016 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 2

ОБВРЗНИК ЗА ПРЕСМЕТКА, УПЛАТА И ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ПЛАТА ........ 3

СТАПКИ ПО ВИДОВИ СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК ........ 7

ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК........ 8

ПРЕДУСЛОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКА НА БРУТО-ПЛАТА ........ 13

НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ ДО УЈП ........ 15

НАЧИН И РОК ЗА ПЛАЌАЊЕ НА БРУТО-ПЛАТА ........ 17

НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА МЕСЕЧНАТА ПРЕСМЕТКА ЗА ИНТЕГРИРАНА НАПЛАТА (образец МПИН) ........ 18

СПЕЦИФИЧНОСТИ ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ ЗА ПЛАТА ........ 30

ПОСТАПКА ЗА ИСПРАВКА НА НЕТОЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ПРЕСМЕТКАТА НА ПЛАТА ........ 38

ПОВРАТ НА ПОВЕЌЕ ИЛИ ПОГРЕШНО УПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК ........ 44

РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА УПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ ЗА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА И ЗАШТИТНИ ДРУШТВА ........ 45

ПОСТАПКА ЗА НЕПРАВИЛНО ПРЕСМЕТАНИ, УПЛАТЕНИ И НЕУПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ ДО 2008 ГОДИНА И ЗА ПЕРИОД ОД 2009 ДО 2015 ГОДИНА ........ 46

ИНТЕРАКТИВНИ УПАТСТВА ........ 48

## ВОВЕД

Концептот на бруто-плата во Република Македонија е воведен од 1 јануари 2009 година.

Концептот на бруто-плата и системот на интегрирана наплата на социјалните придонеси и персонален данок на плата бара подетално појаснување и прецизирање на повеќе прашања, поради што очекуваме дека оваа брошура ќе ви помогне.

Кратенки кои се употребуваат во брошурата:

| | |
|---|---|
| ЗПЗСО | Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување |
| ЗРО | Закон за работни односи |
| МПИН | Месечна пресметка за интегрирана наплата |
| ПДД | Персонален данок на доход |
| ПИО | Барање за паушално оданочување на остварени приходи од земјоделска дејност |
| ТД | Трговско друштво |
| ФЗОМ | Фонд за здравствено осигурување на Македонија |
| ФПИОМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија |

## ОБВРЗНИК ЗА ПРЕСМЕТКА, УПЛАТА И ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ПЛАТА

УЈП прибира месечно податоци за пресметани плати, придонеси и персонален данок на доход, истите ги контролира и води евиденција, поединечно за секој обврзник.

**Обврзник за пресметка и уплата** е субјектот кој има обврска, на товар и за сметка на физичкото лице, да ги пресмета, задржи и уплати придонесите и персоналниот данок од плата, односно:

1. Работодавачот, за своите вработени;
1-а) исплатувач на паричен надоместок за обврзникот за плаќање на придонес од член 7 став (1) точка 1-а) и член 10 став (1) точка 1-а) од овој закон;
2. Самовработеното лице, сами за себе;
3. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој и за лицата од членот 7 ставови (1) точки 3, 4, 7 и 12 и (2) и членот 8 став (1) точка 5 од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;
3-а. Фондот за здравствено осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за носител на семејно земјоделско стопанство од втора и трета категорија согласно со Законот земјоделство и рурален развој и за лицата од членот 10 став (1) точки 5, 7, 9, 11 и 12 и членот 10-б од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;
4. Работодавачот или Фондот за здравствено осигурување на РМ, за работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, согласно со законот;
5. Министерството за здравство за лицата од член 10 став (1) точка 1-б) и 15) од ЗПЗСО;
6. Агенцијата за вработување на РМ за лицата од членовите 7 став (1) точка 8), член 8 став (1) точка 4) и член 10 став (1) точка 6) од ЗПЗСО, а за лицата од член 12 став (2) Агенцијата е обврзник за пресметка, додека обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;

7. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, за лицата од член 7 став (1) точка 9) и членот 10 став (1) точка 8) од ЗПЗСО;
8. Управата за извршување на санкции, за лицата од член 8 став (1) точка 2) и членот 10 став (1) точка 13) од ЗПЗСО;
9. Установа од областа на образованието, за лицата од член 8 став (1) точка 1) од ЗПЗСО;
10. Надлежниот орган на државната управа, за лицата од членот 7 став (1) точки 10) и 11), членот 8 став (1) точка 3) и членот 10 став (1) точки 10) и 14) од ЗПЗСО и за работник кој зема надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство;
11. Организаторот, за лицата од член 9 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5) и 6) од ЗПЗСО и
12. Професионален спортски клуб, за лицето од член 9 став (2) од ЗПЗСО.

Обврзник за пресметка и уплата на персоналниот данок на доход за приходите по основ на плата е исплатувачот на приходот, поодделно за секој обврзник за плаќање.[1]

**Обврзник за плаќање** на придонеси од задолжително социјално осигурување е физичкото лице/осигуреникот, во чие име и за чија сметка се плаќаат придонесите и персоналниот данок од плата, односно:

1. Работникот во работен однос кај правно лице;
2. Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување;
3. Самовработеното лице;
4. Носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;
5. Верското службено лице;
6. Привремено невработеното лице, додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, согласно со законот и т.н.

1) Согласно член 75 од Законот за персоналниот данок на доход.

## СТАПКИ ПО ВИДОВИ СОЦИЈАЛНИ ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК

Даночната стапка за пресметка на персонален данок на плата е 10%.

Почнувајќи со исплатата на платата за месец јануари 2016 година, се применуваат следните стапки по видови на придонеси:

| Вид на придонес | Стапка на придонес |
|---|---|
| Задолжително пензиско и инвалидско осигурување | 18% |
| Задолжително здравствено осигурување | 7,3% |
| Дополнителен придонес за здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување | 0,5% |
| Задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност | 1,2% |

| Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење | Стапка на придонес |
|---|---|
| 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци | 9% |
| 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци | 7,5% |
| 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци | 6% |
| 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци | 4,5% |
| 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци | 3% |
| 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци | 1,5% |

# ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК

## Основица за пресметка на персоналниот данок

Основица за пресметка на персоналниот данок на доход од плата претставува платата во вкупен износ, намалена за вкупните придонеси и за месечното лично ослободување.

## Основица за пресметка на придонеси од задолжително социјално осигурување

1) **За лице во работен однос** - плата, дополнителни примања од работен однос (утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување).

✓ *Дополнителни примања* од работен однос во смисла на ЗПЗСО се исплатите по основ на деловна успешност на работодавачот и надоместоци на плата (утврдени со Законот за работни односи и колективен договор).

✓ *Надоместок на плата* претставува делот кој работникот го добива по различни основи, на пр. боледување, отсутност од работа поради користење на годишен одмор, платен вонреден одмор, со закон определени празници и од работа слободни денови, дообразување и сл. (утврдени со Законот за работни односи и колективениот договор).

✓ *Паричен надоместок* на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво.

2) **За работник кој работи со скратено работно време** - плата за работа со скратено работно време, односно за часовите поминати на работа, и дополнителни примања од работен однос (утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективниот договор и договорот за вработување).

3) **За самостоен уметник** кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Министерот за култура, **за врвен спортист** кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Агенцијата за млади и спорт, лице на издржување на **казна затвор**, лице кое се наоѓа во **притвор** (ако не е осигурено по друга основа) и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во **воспитно - поправен дом**, односно установа **за странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката**, ако со меѓународен договор ратификуван од РМ поинаку не е

определено, како **и за граѓаните кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување** кои можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги дефинирани во законот кој го уредува системот на здравствено осигурување врз основа на поднесена изјава за остварени приходи, просечна плата во Републиката објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

4) **За самовработено лице** - месечната аконтација на нето - приходот, односно на паушално утврдениот нето - приход на кој се плаќа данок (согласно со Законот за персоналниот данок на доход).
** По лично барање, осигуреникот - самовработеното лице, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.*

4-а) **За лица кои пристапиле во продолжено пензиско и инвалидско осигурување** - просечна плата на работникот остварена во годината пред престанокот на задолжителното осигурување, усогласена со просечниот годишен пораст на платите во Републиката (согласно со закон).

5) **За работник кој е упатен на работа во странство (земји со кои РМ нема склучено или преземено договор за социјално осигурување) од работодавач** - просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот.

6) **За работник кој е упатен на работа во странство (земји со кои РМ има склучено или преземено договор за социјално осигурување) од работодавач** - просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство, усогласена за просечен месечен пораст на платите кај работодавачот и платата што ја прима во странство.

7) **За корисник на домашна и/или странска пензија** - пензијата, односно надоместокот, според прописите на пензиското и инвалидското осигурување.

8) **За корисник на паричен надоместок (привремена спреченост за работа)** - надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

9) **За корисник на надоместок (за нега и чување на потешко хендикепирано дете)** - надоместок за скратено работно време за нега и чување на потешко хендикепирано дете.

10) **За корисник на надоместок (професионална рехабилитација)** - надоместок на плата за време на професионална рехабилитација.

11) **За невработени лица корисници на паричен надоместок за време на привремена невработеност** - надоместок во случај на невработеност.

12) **За носител на семејно земјоделско стопанство** - 20% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката (објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика) за носител на семејно зенјоделско стопанство од прва и втора категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.
** По лично барање, носителот на семејно земјоделско стопанство придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.*

13) **За членовите на семејството кои живеат во Република Македонија**

- просечна плата во Републиката (објавена во тековниот месец за државјанин на РМ вработен во странство), ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на РМ непосредно пред заснованјето на работниот однос во странство.
- просечна плата во Републиката (објавена во тековниот месец за државјанин на РМ кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со  која РМ нема склучено/преземено договор за социјално осигурување или пак РМ има склучено/преземено договор за социјално осигурување, во кој не е регулирана можноста за остварување  на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката.

14) **50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката** (објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика) за:

- ✓ Верско службено лице;
** По лично барање осигуреникот – верско службено лице, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.*
- ✓ Лице корисник на постојана парична помош, лице сместено во згрижувачко семејство и во установа за социјална заштита, корисник на паричен надоместок за помош и нега и парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, согласно со прописите од социјалната заштита, ако не може да се осигура по друга основа;
- ✓ Лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор, ако не е осигурено по друга основа, и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно - поправен дом, односно установа;
- ✓ Лицата од членот 10 став (1), 1-6 и точка 15) од ЗПЗСО;
- ✓ Учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста

на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ;
- ✓ Лицата од член 8 и 9 од ЗПЗСО;
- ✓ Самовработено лице до истекот на првата календарска година во која започнала со вршење на дејност;
- ✓ Лицата од членот 10-б кои во претходната календарска година оствариле приход поголем од годишниот нето износ на минималната плата согласно со закон, но помал од годишниот износ на минималната основица за пресметка и плаќање на придонесите, согласно со членот 15 став (1) од ЗПЗСО; и
- ✓ Носител на семејно земјоделско стопанство од трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.
  **По лично барање осигуреникот – носител на семејно земјоделско стопанство, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица.*

Плата, пензија или инвалиднина која се прима во странска валута, поради утврдување на основицата на придонесите, се пресметува во денарска противвредност по официјалниот среден курс на Народна банка на Република Македонија, кој важи за последниот ден во месецот за кој придонесите се пресметуваат, односно плаќаат.

## Најниска основица за пресметка на придонеси

При пресметка на најниската основица се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Основица[2] за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година, не може да биде пониска од 50% од просечна плата по работник во Република Македонија со исклучок на основицата утврдена во членот 14 став 1 точки 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 од ЗПЗСО.
За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година, не може да биде пониска од просечната плата по работник во Република Македонија.

2) Согласно член 15 став (1) и (2) од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси која изнесува 50% од просечната плата, ќе зависи од бројот на одработени часови во месецот, во случаите кога работникот работи помалку од полно работно време или кога остварува прекувремени часови на работа.

## Највисока основица за пресметка на придонеси

При пресметка на највисоката основица се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Највисоката месечна основица[3] за пресметување и уплата на придонесите за примања од работен однос од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси е износот од дванаесет просечни плати.
Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примања на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво е износот од дванаесет просечни плати.
Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од осум просечни плати.
На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, но се пресметува и уплатува персоналниот данок на доход.

За лице - корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонеси за тековната година изнесува 80% од просечната плата по работник во Република Македонија.
Највисоката основица за пресметување и плаќање на придонеси, ќе зависи од бројот на одработени часови во месецот, во случаите кога работникот работи помалку од полно работно време или кога остварува прекувремени часови на работа.
**Напомена**: При пресметка на плата за минати периоди (од 2009 -2015 година) се применува највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно одредбите кои важат за месецот и годината за која се однесува платата.

3) Согласно член 16 став (1), (2), (3), (4) и (5) од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

## ПРЕДУСЛОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКА НА БРУТО-ПЛАТА

Како обврзник за пресметка и уплата, за да можете да поднесете пресметка на бруто-плата до Управата за јавни приходи, треба да ги исполните следните услови и задолжително:
- да сте регистрирани во соодветен регистар;
- да имате барем еден вработен;
- да поседувате и да имате инсталирано Код за идентификација; и
- да го преземете и инсталирате Клиентскиот софтвер за пресметка на плата.

### Регистрација за добивање на Код за идентификација

Секој обврзник за пресметка и уплата на придонесите, без разлика дали сам за себе ги пресметува и доставува податоците за бруто-плата до УЈП или користи услуга од обезбедувач на услуги (сметководствено биро), задолжително треба да поседува Код за идентификација[4].

Доколку не сте регистрирани и не поседувате Код за идентификација за електронско потпишување на Месечна пресметка за интегрирана наплата (МПИН), поднесете „Барање за код за идентификација за интегрирана наплата (образец "БКИ-ИН") до надлежната Регионална дирекција на УЈП.
Образецот може да се преземе и преку интернет
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/82

| |
|---|
| УЈП нема да ги прифаќа пресметките на плата кои нема да го содржат Кодот за идентификација на обврзникот. |

4) За начинот на регистрација и инсталација на Кодот за идентификација, погледнете ја презентацијата бр.1 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

## Клиентски софтвер

Месечната пресметка за интегрирана наплата задолжително се поднесува преку бесплатниот Клиентски софтвер[5], кој овозможува поедноставна постапка на пресметување и доставување на податоците во електронски формат, до Управата за јавни приходи.

Клиентскиот софтвер (образец "МПИН") можете да го преземете преку веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/81
Образецот зачувајте го на вашиот компјутер и активирајте го програмот InstallMPIN, со што автоматски ќе ви биде инсталиран софтверот и подготвен за изготвување на платата на вработените.

> Задолжително користете ја последната објавена верзија на клиентскиот софтвер.

5) Инсталирањето на клиентскиот софтвер е практично објаснето во презентацијата бр.2 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

## НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ ДО УЈП

Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот за претходниот месец (пр. до 10-ти февруари се доставуваат пресметките за месец јануари).

Во случај на доставување на пресметка на бруто-плата со грешни податоци, обврзникот во рок од три дена треба да ги корегира податоците и точната пресметка да ја достави до УЈП (пр. ако на 10-ти февруари е доставена грешна пресметка, корегираната пресметка треба да се достави најдоцна до 13-ти февруари)[6].

### Поднесете ја пресметката за плата преку е-пошта

Користете ги електронските услуги на УЈП за поднесување на пресметките за плата. Пополнетиот образец МПИН испратете го преку е-пошта: celaplata@ujp.gov.mk и истиот ќе се смета за доставен до Управата за јавни приходи.
При доставување на МПИН за повеќе даночни обврзници преку електронска пошта, пресметките за плата задолжително се доставуваат, одделно, за секој даночен обврзник.
Исто така, еднаш доставената пресметка за плата не ја праќајте повторно преку е-пошта.

Декларацијата и Налогот за плаќање ќе ви бидат доставени на вашата електронска пошта, најдоцна во рок од 24 часа од поднесувањето на пријавата.

Пресметките за плата може да се достават и до даночната канцеларија на УЈП, според седиштето на обврзникот за пресметка и уплата на придонеси и тоа на електронски медиум (дискета, CD, USB).

Обврзникот кој има повеќе деловни единици (подружници) доставува само еден електронски образец МПИН, со податоци за вработените од сите деловни единици (подружници).

---

6) Види повеќе од 38 до 43 страница.

Пресметката се доставува преку е-пошта или во надлежната организациона единица на УЈП. Доколку ја доставите пресметката и на двата начина ќе се појават проблеми и нема да може да се реализира исплатата на платите.

## Доделување на Фолио број за точноста на податоците

Прифаќањето на точните податоци се врши со доделување на Фолио број од страна на Управата, при што се издава Декларација за прием на податоците и збирен Налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи.

Збирниот налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи ПП 53 го содржи истиот фолио број за сите примачи.

## НАЧИН И РОК ЗА ПЛАЌАЊЕ НА БРУТО-ПЛАТА

### Начин на плаќање

Уплатата на бруто-плата (платата, придонесите и персоналниот данок) се врши кај носителот на платниот промет кај кој обврзникот за пресметка и уплата има сметка, со образец ПП 53 издаден од Управата за јавни приходи.

Уплатата на придонесите и персоналниот данок се врши само во парични средства.

### Рок за плаќање

**Рок на уплата** на придонесите и персоналниот данок е денот на исплатата на плата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок.

**Ден на исплата** на платата или дел од плата, надоместок на плата, пензија, односно друг паричен надоместок е рокот на доспеаност за плаќање на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход.

Доколку платата, надоместокот на платата, пензија односно друг паричен надоместок, не е исплатена, рок на доспеаност за плаќање на социјалните придонеси е 15-ти во тековниот месец за претходниот месец (пр. доколку платата за месец април не е исплатена, рокот на доспеаност за плаќање на социјалните придонеси е 15-ти мај).

После рокот на доспеаност за плаќање на социјалните придонеси за неисплатени плати, пензии или друг паричен надоместок, се пресметува камата во висина од 0,03% за секој ден задоцнување.

## НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА МЕСЕЧНАТА ПРЕСМЕТКА ЗА ИНТЕГРИРАНА НАПЛАТА (образец МПИН)

При пополнување на образецот МПИН сите износи се внесуваат како цели броеви, без да се одделуваат со точка или запирка. Образецот содржи четири дела, а подолу е опишано како да ги пополните бараните податоците.

### ДЕЛ 1 - Месец за кој се пресметуваат и плаќаат придонесите и персоналниот данок

| | |
|---|---|
| **1.1.**<br>**Месец** | Задолжително се пополнува месецот за кој се пресметува плата, придонеси и персонален данок, а податоците се двоцифрени и се обележуваат во интервал од 01 до 12. |
| **1.2.**<br>**Година** | Задолжително се пополнува годината за која се пресметува плата, придонеси и персонален данок и се впишува со четири цифри. |
| **1.3.**<br>**Вид на обврска** | Задолжително се пополнува една од шифрите за вид на обврска по основ на придонеси и персонален данок кои се однесуваат на пресметана плата или надоместок:<br>**100** - дел од плата, придонеси и персонален данок;<br>**333** - конечна пресметка за соодветен месец кога претходно има доставено пресметка за дел од плата;<br>**101** - плата, придонеси и персонален данок за соодветен месец;<br>**102** - плата по основ на деловна успешност на работодавачот;<br>**103** - корекција на плата, придонеси и персонален данок или исправка на податоци за претходни месеци;<br>**109** - плата, придонеси и персонален данок по судска пресуда или судска спогодба;<br>**123** - плата од дополнително вработување (член 121 од ЗРО);<br>**222** - придонес за лица вон работен однос (волонтери).<br>**700** – плата, придонеси и персонален данок за Агенции за привремени вработувања<br>**555** – збирна пресметка за Агенции за привремени вработувања;<br>**553** – исправка на пресметка за Агенции за привремени вработувања;<br>**820** – надоместок на извршен член, член на управен одбор во ТД и управител;<br>**821** – исправка на надоместок на извршен член, член на управен одбор во ТД и управител. |
| **1.4.**<br>**Вид на обврзник за пресметка и уплата на придонеси** | Задолжително се пополнува една од шифрите за вид на обврзник:<br>**110** - обврзник - правно лице (за своите вработени);<br>**111** - самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална дејност (за себе и за своите вработени);<br>**112** - самовработено лице кое врши самостојна економска дејност (за себе и за своите вработени);<br>**116** - обврзник - странски и меѓународни органи, организации и установи и дипломатски и конзуларни преставништво;<br>**122** - обврзник во постапка на стечај (за своите вработени);<br>**123** - обврзник во постапка на ликвидација (за своите вработени);<br>**180** – исплатувач на надоместок извршен член, член на управен одбор во ТД и управител. |
| **1.5.**<br>**Број на вработени** | Полето не се пополнува, туку автоматски се изведува од вкупниот број на вработени или корисници на надоместок кои се наведени во образецот МПИН. |

| | |
|---|---|
| **1.6. Плата во вкупен износ (4.15+4.16+4.40+ 4.41+4.42+4.43+4.44+4. 45+4.46+4.22+4.226)** | Полето не се пополнува, туку автоматски се изведува од вкупниот збир на колоните 4.15+4.16+4.40+4.41+4.42+4.43+4.44+4.45+4.46+4.22+4.226 во кои се искажани придонесите и персоналниот данок што треба да ги плати обврзникот за соодветниот месец. |

## ДЕЛ 2 - Идентификација на обврзникот за пресметка и уплата на придонеси и персонален данок

| | |
|---|---|
| **2.1. Единствен даночен број на обврзникот за пресметка и уплата** | Задолжително се пополнува даночниот број на обврзникот или за обврзниците - физички лица кои немаат даночни броеви се пополнува Единствениот матичен број на обврзникот. |
| **2.16. Единствен матичен број на обврзникот за пресметка и уплата** | Задолжително се пополнува матичниот број на обврзникот кој е доделен од Централниот регистар и содржи седум цифри.<br>Доколку обврзникот е физичко лице се пополнуваат седум нули.<br>*пр. 0000000.* |
| **2.2. Назив на обврзник за пресметка и уплата** | Задолжително се пополнува називот на обврзникот во случај кога обврзникот е правно лице или име и презиме кога обврзникот е физичко лице. |
| **2.3. Телефонски повикувачки број** | Задолжително се пополнува повикувачкиот телефонски број на населеното место, каде што се наоѓа седиштето на обврзникот.<br>*пр. за Штип 032; Тетово 044; Скопје 02; Битола 047 и сл.* |
| **2.4. Телефон** | Задолжително се пополнува бројот на телефонот на обврзникот. |
| **2.5. Факс** | Се пополнува бројот на факсот на обврзникот. |
| **2.6. Адреса, име на улица** | Се пополнува адресата на вистинското седиште на обврзникот. |
| **2.7. Број** | Се пополнува бројот на адресата на вистинското седиште на обврзникот. |
| **2.8. Населено место** | Се пополнува населеното место на обврзникот. |
| **2.9. Град** | Се пополнува градот во кој се наоѓа населеното место на обврзникот. |
| **2.10. Ознака на општина** | Задолжително се пополнува ознака на општината, според список на општини (објавени во „Службен весник на РМ“, бр.42/05). |
| **2.11. Поштенски код** | Задолжително се пополнува поштенскиот број кој е поврзан со населеното место или градот каде се наоѓа седиштето на обврзникот. Податокот се состои од четири цифри.<br>*пр. за Скопје поштенски број е 1000.* |
| **2.12. Контакт лице** | Задолжително се пополнува името и презимето на лицето кое е одговорно за пополнување на образецот МПИН и за корекција на евентуални грешки и предупредувања. |
| **2.13. Телефон** | Задолжително се пополнува бројот на контакт телефонот на лицето одговорно за пополнување на образецот МПИН. |

| | |
|---|---|
| **2.14.**<br>**Е - маил** | Се пополнува адресата на електронската пошта на обврзникот кој доставува образец МПИН или адресата на одговорното лице за пополнување и корекција на евентуални грешки и предупредувања. |

## ДЕЛ 3 - Идентификација на обврзниците за плаќање на придонеси и персонален данок

| | |
|---|---|
| **3.0.**<br>**Реден број** | Задолжително се пополнува редниот број на обврзникот за кој се внесуваат податоците од платниот список. Доколку за обврзникот се пополнуваат два или повеќе реда се внесува истиот реден број, а податоците од 3.1 до 3.4 се повторуваат. |
| **3.1.**<br>**ЕМБГ** | Задолжително се пополнува Единствениот матичен број на граѓанинот. |
| **3.2.**<br>**Презиме** | Задолжително се пополнува презимето на обврзникот. |
| **3.3.**<br>**Име** | Задолжително се пополнува името на обврзникот. |
| **3.4.**<br>**Број на деловна единица** | Задолжително се пополнува редниот број на деловните единици (подружници) во состав на деловниот субјект пријавени во Централниот регистар на РМ.<br>Кога обврзникот е прераспореден во текот на месецот од една во друга деловна единица (подружница) со поднесена пријава М-1, тогаш се пополнува деловната единица (подружница) каде што обврзникот е последен пат пријавен во осигурување. |
| **3.46.**<br>**Ознака на подрачна единица за издавање на потврди за платен придонес за здравствено осигурување** | Задолжително се пополнува ознаката на локацијата за издавање на сини картони. Структурата на оваа ознака е: првите четири цифри ја означуваат подрачната единица на ФЗОМ, а доколку обврзникот има деловни единици во означената подрачна единица се пополнуваат шифри од 00 до 99.<br>*пр. Скопје 4061, деловна единица во Скопје 406100, 406101...406199).*<br>Преглед на шифри на општини кои припаѓаат кон соодветните подрачните единици на ФЗОМ: |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4011 | Битола | 4012 | Демир Хисар | 4013 | Ресен | 4021 | Гостивар |
| 4022 | Тетово | 4031 | Куманово | 4032 | Кратово | 4033 | Крива Паланка |
| 4041 | Охрид | 4042 | Кичево | 4043 | Дебар | 4044 | Струга |
| 4051 | Прилеп | 4052 | Крушево | 4053 | Македонски Брод | 4061 | Скопје |
| 4071 | Велес | 4072 | Кавадарци | 4073 | Гевгелија | 4074 | Валандово |
| 4075 | Неготино | 4081 | Штип | 4082 | Берово | 4083 | Струмица |
| 4084 | Кочани | 4085 | Делчево | 4086 | Виница | 4087 | Пробиштип |
| 4088 | Радовиш | 4089 | Свети Николе | | | | |

| | |
|---|---|
| **3.4ц.** **Ознака на општината на обврзникот за плаќање на придонеси и персонален данок** | Се пополнува ознака на општина според адресните податоци на живеење на обврзникот за плаќање, според следната табела („Службен весник на РМ“, бр. 42/05). |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Арачиново | 101 | Јегуновце | 131 | Росоман | 161 |
| Берово | 102 | Кавадарци | 132 | Старо Нагоричане | 162 |
| Битола | 103 | Карбинци | 133 | Свети Николе | 163 |
| Богданци | 104 | Кичево | 134 | Сопиште | 164 |
| Боговиње | 105 | Конче | 135 | Струга | 165 |
| Босилово | 106 | Кочани | 136 | Струмица | 166 |
| Брвеница | 107 | Кратово | 137 | Студеничани | 167 |
| Валандово | 108 | Крива Паланка | 138 | Теарце | 168 |
| Василево | 109 | Кривогаштани | 139 | Тетово | 169 |
| Вевчани | 110 | Крушево | 140 | Центар Жупа | 170 |
| Велес | 111 | Куманово | 141 | Чашка | 171 |
| Виница | 112 | Липково | 142 | Чешиново и Облешево | 172 |
| Вранештица | 113 | Лозово | 143 | Чучер Сандево | 173 |
| Врапчиште | 114 | Маврово и Ростуше | 144 | Штип | 174 |
| Гевгелија | 115 | Македонски Брод | 145 | Аеродром | 175 |
| Гостивар | 116 | Македонска Каменица | 146 | Бутел | 176 |
| Градско | 117 | Могила | 147 | Гази Баба | 177 |
| Дебар | 118 | Неготино | 148 | Ѓорче Петров | 178 |
| Дебаца | 119 | Новаци | 149 | Карпош | 179 |
| Делчево | 120 | Ново Село | 150 | Кисела Вода | 180 |
| Демир Капија | 121 | Осломеј | 151 | Сарај | 181 |
| Демир Хисар | 122 | Охрид | 152 | Центар | 182 |
| Дојран | 123 | Петровец | 153 | Чаир | 183 |
| Долнени | 124 | Пехчево | 154 | Шуто Оризари | 184 |
| Другово | 125 | Пласница | 155 | Град Скопје | 185 |
| Желино | 126 | Прилеп | 156 | | |
| Зајас | 127 | Пробиштип | 157 | | |
| Зелениково | 128 | Радовиш | 158 | | |
| Зрновци | 129 | Ранковце | 159 | | |
| Илинден | 130 | Ресен | 160 | | |

| | |
|---|---|
| **3.5.**<br>**Траење на стаж во денови** | Задолжително се пополнува бројот на календарски денови во работен однос. Податокот се состои од една до две цифри и не може да биде помал од 1 и поголем од можниот број на денови во месецот. |
| **3.6.**<br>**Ефективна работа часови** | Се пополнува само бројот на ефективни часови поминати на работа за кои се пресметува и исплатува плата.<br>Во часови за ефективна работа се пополнуваат и часовите за државен празник, платено отсуство до 7 дена во текот на годината за одредени случаи (склучување брак, брак на дете, за раѓање или посвојување и друго), за годишен одмор, преквалификација и доквалификација, воена вежба, учество во обука за одбрана и заштита, јавување на покани на други органи до кои е дојдено без вина на работникот, прекин на работа без вина на работникот но најдолго до 30 дена, отстранување на работникот од работа (суспензија) и во други случаи утврдени со закон и колективен договор.<br>Во ефективни часови се пополнуваат и часовите кои работникот ги поминал на издржување затвор до 30 дена и истражен затвор до 30 дена (овие часови се пополнуваат во ефективни, бидејќи за тие часови се плаќа придонес и се сметаат во стаж на осигурување). |
| **3.6б.**<br>**Прекувремени часови** | Се пополнуваат часовите за прекувремена работасогласно законската регулатива. |
| **3.6ц.**<br>**Неплатени часови** | Се пополнуваат неплатени - неоправдани часови, кои не можат да бидат повеќе од 24 часа месечно согласно законската регулатива. |
| **3.7.**<br>**Износ за ефективна работа** | Задолжително се пополнува пресметана основна плата на обврзникот за сите часови искажани во полето 3.6 и 3.6.б. |
| **3.8.**<br>**Часови за надоместок** | Се пополнуваат часовите за кои се пресметува надоместокот на плата. Доколку има податок во полињата 3.9; 3.10, полето 3.8 е задолжително. |
| **3.9.**<br>**Вид на надоместок** | Се пополнува шифрата за вид на надоместок на плата што го исплатува работодавецот. Доколку има податок во полињата 3.8; 3.10, полето 3.9 е задолжително.<br>За вид на надоместок што го исплатува работодавецот се пополнува една од шифрите:<br>**124** - недокументирани часови за кој не се пресметани придонеси и персонален данок;<br>**125** - надоместок за боледување 70%;<br>**126** - надоместок за боледување 80%;<br>**127** - надоместок за боледување 90%;<br>**128** - надоместок за боледување 100% (повреда на работа, професионална болест и др.);<br>**130** - надоместок на плата поради работа со скратено работно време 100%;<br>**131** - надоместок на плата поради работа со скратено работно време 85%;<br>**134** - надоместок на плата од денот на настанување на инвалидноста до распоредување или вработување на друга соодветна работа, за време на преквалификација и доквалификација и по завршената преквалификација или доквалификација до распоредувањето, односно вработувањето на друго соодветно работно место 100%; |

| | |
|---|---|
| | **135** - надоместок на плата од денот на настанување на инвалидноста до распоредување или вработување на друга соодветна работа, за време на преквалификација и доквалификација и по завршената преквалификација или доквалификација до распоредувањето, односно вработувањето на друго соодветно работно место 80%;<br>**136** - надоместок на плата од денот на настанување на инвалидноста до распоредување или вработување на друга соодветна работа, за време на преквалификација и доквалификација и по завршената преквалификација или доквалификација до распоредувањето, односно вработувањето на друго соодветно работно место 70%;<br>**137** - надоместок на плата од денот на настанување на инвалидноста до распоредување или вработување на друга соодветна работа, за време на преквалификација и доквалификација и по завршената преквалификација или доквалификација до распоредувањето, односно вработувањето на друго соодветно работно место 50%. |
| **3.10.**<br>**Износ на надоместок** | Се пополнува пресметаниот износ на надоместокот на плата. Доколку има податок во полињата 3.8 и 3.9 и полето 3.10 е задолжително. |
| **3.12.**<br>**Година од која е определен паричен надоместок во случај на невработеност** | * Ова поле го пополнува исклучиво Агенцијата за вработување. |
| **3.14.**<br>**Плата во вкупен износ** | Задолжително се внесува бруто-платата, односно основицата во која се содржани основната плата, придонесите од задолжително социјално осигурување и персоналниот данок. |
| **3.15.**<br>**Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** | Се пополнува вкупно пресметаниот придонес за ПИО на основица од полето 3.14. Доколку износот на бруто основицата е повисок од највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесот, во тој случај придонесот се пресметува до износот на највисоката основица за пресметка на придонесот согласно законската регулатива. При пресметка на највисоката месечна основица се зема просечната плата по работник во Републиката, објавена во месец јануари од Државниот завод за статистика.<br>Највисока месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос, остварени во тековниот месец кај еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси.<br>При утврдување на највисоката основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа.<br>Над оваа основица се пресметува и плаќа само персонален данок на доход. |
| **3.16.**<br>**Доплата на придонес до најниска основица (ПИО)** | Се пополнува пресметаната доплата на придонес за ПИО до најниска основица, согласно утврдената најниска основица од член 15 на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.<br>При утврдување на најниската основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа. |

| | |
|---|---|
| **3.40.<br>Придонес за задолжително здравствено осигурување** | Се пополнува вкупно пресметаниот придонес за здравствено осигурување на основица од полето 3.14.<br>Доколку износот на бруто основицата е повисок од највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесот, во тој случај придонесот се пресметува до износот на највисоката основица за пресметка на придонесот согласно законската регулатива. При пресметка на највисоката месечна основица се зема просечната плата по работник во Републиката, објавена во месец јануари од Државниот завод за статистика.<br>Највисока месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос, остварени во тековниот месец кај еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси. При утврдување на највисоката основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа.<br>Над оваа основица се пресметува и плаќа само персонален данок на доход. |
| **3.41.<br>Доплата на придонес до најниска основица (здравство)** | Се пополнува пресметаната доплата на придонес за здравство до најниска основица, согласно утврдената најниска основица од член 15 на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.<br>При утврдување на најниската основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа. |
| **3.42.<br>Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување** | Се пополнува вкупно пресметаниот дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување на основица од полето 3.14.<br>Доколку износот на бруто основицата е повисок од највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесот, во тој случај придонесот се пресметува до износот на највисоката основица за пресметка на придонесот согласно законската регулатива. При пресметка на највисоката месечна основица се зема просечната плата по работник во Републиката, објавена во месец јануари од Државниот завод за статистика.<br>Највисока месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос, остварени во тековниот месец кај еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси. При утврдување на највисоката основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа. Над оваа основица се пресметува и плаќа само персонален данок на доход. |
| **3.43.<br>Доплата на придонес до најниска основица (дополнително здравство)** | Се пополнува пресметаната доплата на придонес за дополнително здравство до најниска основица, согласно утврдената најниска основица од член 15 на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.<br>При утврдување на најниската основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа. |

| | |
|---|---|
| **3.44.**<br>**Придонес за осигурување во случај на невработеност** | Се пополнува вкупно пресметаниот придонес за вработување во случај на невработеност.<br>Доколку износот на бруто основицата е повисок од највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесот, во тој случај придонесот се пресметува до износот на највисоката основица за пресметка на придонесот согласно законската регулатива. При пресметка на највисоката месечна основица се зема просечната плата по работник во Републиката, објавена во месец јануари од Државниот завод за статистика.<br>Највисока месечна основица ги вклучува сите примања на обврзникот за плаќање на придонеси од работен однос, остварени во тековниот месец кај еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси. При утврдување на највисоката основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа.<br>Над оваа основица се пресметува и плаќа само персонален данок на доход. |
| **3.45.**<br>**Доплата на придонес до најниска основица (вработување)** | Се пополнува пресметаната доплата на придонес за вработување до најниска основица, согласно утврдената најниска основица од член 15 на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. При утврдување на најниската основица за пресметка на придонеси во предвид се зема дали работникот работи со скратено работно време или пак остварил прекувремени часови на работа. |
| **3.46.**<br>**Персонален данок на доход од плата** | Се пополнува пресметаниот персонален данок од плата утврден на следната основица:<br>*Плата во вкупен износ – (вкупните придонеси + месечното лично ослободување) x 10% = персонален данок* |
| **3.17.**<br>**Шифра за вид на стаж на осигурување** | Задолжително се пополнува шифра за вид на стаж на осигурување или шифра за работното место што се смета со зголемено траење.<br>Шифри за вид на стаж што се пополнуваат во поле 3.17:<br>**0050** - време поминато во работен однос со полно работно време;<br>**0041** - работа подолга од полно работно време;<br>**0042** - време поминато во истражен затвор до 30 дена;<br>**0043** - време поминато на издржување казна затвор до 30 дена;<br>**0044** - време поминато во штрајк организиран согласно законските прописи;<br>**0045** - време поминато на принуден одмор во согласност со законските прописи;<br>**0046** - време за кое на обврзникот му се исплаќа зголемена плата остварена по основ на иновација, рационализација и други видови на творештво (надоместот по основ на придонесот во зголемувањето на доходот и добивката од иновации, рационализации и други видови творештва се утврдува врз основа на договор склучен меѓу работникот и работодавецот);<br>**0047** - време поминато во работен однос со неполно работно време;<br>**0048** - време поминато во работен однос со скратено работно време кое е изедначено со полното работно време;<br>**0049** - изедначување на полното работно време на осигурениците кои работат во смени, но не пократко од 32 часа во неделата, со оние работници кои работат со полно работно време, но не во смени, односно само претпладне (согласно Законот за работни односи, работодавецот може да воведе работно време пократко од 40 часа во работната недела, кога работата е организирана во смени, но не пократко од 32 часа за работниците кои работат во смени, односно на работникот кој работи на особено тешки, напорни и штетно по здравјето работи, а чие штетно влијание врз неговото здравје, односно работната способност не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, работното време му се скратува сразмерно на штетното влијание врз неговото здравје, односно работната способност, но не пократко од 30 часа во работната недела); |

<table>
<tr><td></td><td>0055 - време поминато на работа во странство на државјанин на Република Македонија, кој засновал работен однос кај работодавец кој врши дејност во странство односно деташирани работници;<br>0057 - скратено работно време за вработени по член 121 од ЗРО;<br>0065 - време поминато на сезонски работи кое се пресметува како полно работно време;<br>0068 - прераспределба на работното време;<br>0067 - време поминато на професонална рехабилитација, односно преквалификација или доквалификација на која бил упатен инвалидот на трудот;<br>0072 - време поминато во задолжително осигурување на работниците упатени на школување, студии, стручно усовршување и специјализација;<br>0089 - скратено работно време поради нега на потешко хендикепирано дете;<br>2222 - лице вон работен однос осигурано во случај на настанување на инвалидност и телесно оштетување.</td></tr>
<tr><td>3.176.<br>Шифра за ослободување од плаќање придонеси и персонален данок</td><td>001 - обврзник самовработено лице кој не е обврзник за плаќање па придонес за вработување и ПДД го пресметува и плаќа по решение на УЈП;<br>015 - деташирани работници;<br>050 - вработено лице кај самостоен вршител на дејност;<br>060 - самовработено лице (интелектуална дејност) кое дејноста ја започнува во тековната година.</td></tr>
<tr><td>3.18.<br>Степен на зголемување за стаж со зголемено траење</td><td>Се пополнува соодветна шифра за стажот на осигурување кое се смета со зголемено траење, само за вработените кои работат на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење.
<table>
<tr><th rowspan="2">Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење</th><th colspan="4">Стапка на придонес</th></tr>
<tr><th>2009</th><th>2010</th><th>2011</th><th>2012</th></tr>
<tr><td>12 месеци / 18 месеци</td><td>9,5%</td><td>9%</td><td>9%</td><td>9%</td></tr>
<tr><td>12 месеци / 17 месеци</td><td>7,92%</td><td>7,5%</td><td>7,5%</td><td>7,5%</td></tr>
<tr><td>12 месеци / 16 месеци</td><td>6,33%</td><td>6%</td><td>6%</td><td>6%</td></tr>
<tr><td>12 месеци / 15 месеци</td><td>4,75%</td><td>4,5%</td><td>4,5%</td><td>4,5%</td></tr>
<tr><td>12 месеци / 14 месеци</td><td>3,17%</td><td>3%</td><td>3%</td><td>3%</td></tr>
<tr><td>12 месеци / 13 месеци</td><td>1,77%</td><td>1,77%</td><td>1,5%</td><td>1,5%</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>3.19а.<br>Од ден</td><td>Се пополнува датумот во месецот кој се смета за почеток на периодот на осигурување со зголемено траење.</td></tr>
<tr><td>3.19б.<br>До ден</td><td>Се пополнува датумот во месецот кој се смета за престанок на периодот на осигурување со зголемено траење.<br>пр. За обврзник на кој секои 12 месеци ефективна работа му се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.<br>Обврзникот е прераспределен на работно место кое се смета со зголемено траење на 15-ти во месецот, а месецот има 31 ден.<br>Во втор ред од образецот МПИН во полето 3.19а се внесува "15", а во полето 3.19б се внесува "31", при што полето 3.18 се пополнува со шифра "2".</td></tr>
<tr><td>3.20.<br>Вкупно денови</td><td>Се пополнува бројот на денови на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење.</td></tr>
<tr><td>3.21.<br>Основица за стаж со зголемено траење (бенефициран стаж)</td><td>Се пополнува бруто основицата (плата) за периодот од полињата 3.19а и 3.19б.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **3.22.**<br>**Износ на придонес за стаж со зголемено траење (бенефициран стаж)** | Се пополнува придонесот за стаж со зголемено траење (3.21 помножено со соодветна стапка на придонес од прегледот со шифри од 3.18, соодветно за секој период). |
| **3.226**<br>**Доплата до најниска основица за стаж со зголемено траење (бенефициран стаж)** | Се пополнува доплатата на придонес до најниска основица за стаж со зголемено траење (бенефициран стаж). |
| **3.23.**<br>**Ознака на надлежен орган на државна управа обврзник за пресметка и уплата** | Се пополнува една од шифрите:<br>**140** - надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗОМ во висина од 70% до 100%;<br>**128** - надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗОМ во висина од 100% (породилно отсуство, повреда на работа, професионална болест и др.);<br>**129** - надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗОМ (50% породилно отсуство и 100% плата од работодавец согласно член 64 став 2 од ЗРО);<br>**130** - надоместок на плата поради работа со скратено работно време што го исплатува (ФПИОМ) во висина од 100%;<br>**131** - надоместок на плата поради работа со скратено работно време што го исплатува (ФПИОМ) во висина од 85%;<br>**132** - надоместок на плата поради скратено работно време за нега на хендикепирано дете (Центар за социјална работа);<br>**133** - надоместок на плата поради помала плата на друго работно место (ФПИОМ);<br>**244** - придонес за ПИО и ослободување од ПДД за лице вработено во заштитно друштво кои не се инвалидни лица и инвалиди на трудот финансирани од Министерство за финансии;<br>**247** - придонес финансиран од Министерство за финансии за вработени инвалидни лица според член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица;<br>**351** - обврзник кој има престанок на работен однос во неработен ден (сабота). Доколку осигуреникот има престанок на работен однос во неработен ден, со пополнување на шифрата 351 во полето 3.23, дозволено е во полињата кои се однесуваат за плата и придонеси да се пополни вредност 0;<br>**245** - ослободување од плаќање на персоналниот данок на доход според член 98 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;<br>**246** - ослободување од плаќање на персонален данок за обврзници кои припаѓаат на Технолошки зони;<br>**240** - субвенционирање на придонес за здравствено осигурување за вработени помлади од 27 години;<br>**400 –** дополнително пријавување на вработен по исплатена плата:<br>**242** - лице до 29 години возраст со право на ослободување од плаќање на придонеси;<br>**243** - лице до 29 години возраст со право на ослободување од плаќање; на придонеси и ПДД по член 98 од ЗВОСН;<br>**301** - невработено лице до 35 години возраст;<br>**302** - невработено лице на возраст од 35 до 50 години;<br>**303** - невработено лице на возраст над 50 години;<br>**304** - невработено лице на возраст над 58 години;<br>**305** - невработено лице со социјален ризик;<br>**306** - замена на работник кој користи породилно отсуство до 270;<br>**307** - замена на работник кој користи породилно отсуство до 450 дена. |
| **3.24.**<br>**Часови за кои плаќа надлежен орган** | Се пополнува бројот на часовите за кои се презема обврската за плаќање на придонесот од друг орган.<br>За шифра 133, 245, 246, 240, 241 не се пополнуваат часови. |

| | |
|---|---|
| **3.25.**<br>**Основица за пресметка на придонес кој го плаќа надлежен орган на државна управа** | Се пополнува просечната бруто-плата од последните шест месеци само за шифрите 140, 128 и 129.<br>**140** - надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗОМ во висина од 70% до 100%;<br>**128** - надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗОМ во висина од 100% (породилно отсуство, повреда на работа, професионална болест и др.);<br>**129** - надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗОМ (50% породилно отсуство и 100% плата од работодавец согласно чл. 64 став 2 од ЗРО);<br>Се пополнува платата од работното место од кое е обврзникот прераспореден само за шифра 133.<br>**133** - надоместок на плата поради помала плата на друго работно место (ФПИОМ).<br>Се пополнува плата која би била исплатена кога обврзникот би работел со полно работно време само за шифрите 130 и 131.<br>**130** - надоместок на плата поради работа со скратено работно време што го исплатува (ФПИОМ) во висина од 100%;<br>**131** - надоместок на плата поради работа со скратено работно време што го исплатува (ФПИОМ) во висина од 85%.<br>За останатите шифри кои се користат во 3.23 не се пополнува податок во 3.25. |
| **3.26.**<br>**Даночен број на обврзникот каде е пријавен обврзникот за плаќање** | Се пополнува даночниот број на обврзникот за пресметка и уплата каде е вработен обврзникот за плаќање, за кој друг орган плаќа придонес.<br>**Ова поле го пополнува само Фондот за здравствено осигурување.* |
| **3.27.**<br>**Дата на засновање на работен однос** | Се пополнува период од 01 до 31, во зависност од тоа дали обврзникот има промени за текот на работниот однос и права од работен однос. За обврзниците за кои нема промена во текот на месецот, ова поле не се пополнува.<br>*пр. За обврзникот на кој работниот однос му започнал на 15.01.2012 година, во полето 3.27 се пополнува "15".*<br>*Доколку во тековниот месец нема промени во тој случај полето треба да биде празно (не со нули).* |
| **3.28.**<br>**Дата на престанок на работен однос** | Се пополнува период од 01 до 31, во зависност од тоа дали обврзникот има промени за текот на работниот однос и права од работен однос. За обврзниците за кои нема промена во текот на месецот, ова поле не се пополнува.<br>*пр. За обврзникот на кој работниот однос му престанал на 20.01.2012 година, во полето 3.28 се пополнува "20".*<br>*Доколку во тековниот месец нема промени во тој случај полето треба да биде празно (не со нули).* |
| **3.29.**<br>**Шифра за промена на засновање/престанок на работен однос** | Се пополнува една од шифрите: |

| Шифра | Опис на шифрите за текот на промени во осигурувањето |
|---|---|
| 1 | Датум на почеток на вработување |
| 2 | Датум на престанок на вработување |
| 3 | Поднесен извод на умрени, за вработениот |
| 4 | Решение за паричен надоместок за инвалидност во текот на месецот |
| 5 | Плата по остварување и по норма |

| | |
|---|---|
| **3.30.**<br>**Број на пријава/одјава од задолжително социјално осигурување** | Ова поле е задолжително и се пополнува број на договор за обврзникот.<br>*пр. Доколку обврзникот е пријавен во работен однос (М1) и во текот на месецот нема промени, во тој случај се внесува “1”. Доколку обврзникот во текот на месецот има престанок (М2) и почеток на вработување (М1), пресметката се пополнува во два реда. Во првиот ред се пополнува престанокот и полето 3.30 се пополнува со шифра "1", а во вториот ред се внесува повторната пријава во работен однос и се внесува шифра "2".*<br>*Во зависност од бројот на вработувања во месецот за ист обврзник, кај ист работодавач се внесува број на договор (кај Агенции за привремено вработување и сезонски вработувања).* |
| **3.13.**<br>**Нето плата** | Се пополнува износот на нето-платата која претставува разлика помеѓу платата во вкупен износ и вкупниот износ на придонесите и персоналниот данок.<br>*Плата во вкупен износ – (вкупен износ на придонеси + персонален данок)* = **нето плата** |
| **3.31.**<br>**Ефективна нето плата** | Ова поле е задолжително и се пополнува ефективната нето-плата за исплата на обврзникот за плаќање.<br>*Нето плата – задршки од плата* = **ефективна нето плата** |
| **3.32**<br>**Број на трансакциска сметка** | Ова поле е задолжително и се пополнува трансакциската сметка на обрзникот за плаќање. |

## ДЕЛ 4 - Збирни вредности за уплата на придонеси и ПДД

Четвртиот дел од образецот МПИН не се пополнува, бидејќи вредностите во овој дел автоматски се изведуваат.

## СПЕЦИФИЧНОСТИ ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКИТЕ ЗА ПЛАТА

Покрај податоците кои се пополнуваат според даденото упатство за пополнување на образецот МПИН, постојат и одредени специфични случаи при внесување на податоците.

### Заокружување при пресметка на придонесите и персоналниот данок

При пресметување на придонесите и персоналниот данок на доход се почнува од платата во која се содржани основната плата, социјалните придонеси и персоналниот данок на доход. Податоците во полињата 3.7; 3.10; 3.13; 3.14; 3.15; 3.16; 3.40; 3.41; 3.42; 3.43; 3.44; 3.45; 3.46; 3.21; 3.22; 3.226 и 3.25 се заокружуваат на цел број.

### Влијание на видот на стажот (3.17) врз траењето на стажот во денови ефективна работа - часови и износ за ефективна работа (3.5, 3.6 и 3.7)

Во табелата е прикажано како се пополнуваат полињата 3.5, 3.6 и 3.7 за соодветна шифра во поле 3.17 за специфични случаи:

| 3.17. Шифра за вид на стаж на осигурување | 3.5. Траење на стаж во денови | 3.6. Ефективна работа Часови | 3.7 Износ за ефективна работа |
|---|---|---|---|
| **0042** време поминато во истражен затвор до 30 дена | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат ефективни часови | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот ги поминал во истражен затвор до 30 дена |
| **0043** време поминато на издржување казна затвор до 30 дена | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат ефективни часови | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот ги поминал на издржување казна затвор до 30 дена |
| **0044** време поминато во штрајк | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат ефективни часови | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот ги поминал во штрајк |
| **0045** време поминато на принуден одмор | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат ефективни часови | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот ги поминал на принуден одмор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **0049**<br>изедначување на полно работно време на обврзници кои работат во смени, но не пократко од 32 часа, односно 30 часа | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат часови како за полно работно време односно 40 часа неделно | се пополнува износот пресметан на ист начин како за работа со полно работно време односно 40 часа неделно |
| **0065**<br>време поминато на сезонски работи | се пополнуваат календарски денови | се пополнува вкупниот број на ефективни остверени часови | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот ги поминал на сезонски работи |
| **0068**<br>прераспределба на работно време | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат ефективните часови согласно распределбата на работното време *(помал број на часови од можниот број на часови во соодветниот месец)* | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот ги поминал согласно распределбата на работното време |
| **0067**<br>време поминато на професионална рехабилитација, преквалификација или доквалификација на која бил упатен инвалид на трудот | се пополнуваат календарски денови | часовите се пополнуваат во поле 3.8 *(часови за надоместок)* | се пополнува износот на надоместокот на плата утврден на поле 3.10. |
| **0072**<br>време поминато на студии, стручно усовршување и специјализација за обврзници упатени од работодавецот | се пополнуваат календарски денови | се пополнуваат ефективни часови | се пополнува износот пресметан за часовите кои обврзникот упатен од работодавецот ги поминал на студии, стручно усовршување или специјализација |

## Престанување и засновање на нов работен однос во текот на ист месец[7]

За вработен на кој во текот на месецот му престанал работниот однос (М2) и повторно во текот на месецот е заснован работен однос кај истиот работодавач (М1), пресметката се пополнува во два реда, со тоа што во првиот ред ќе се внесат податоците од првиот договор (М1), а во вториот ред ќе се внесат податоците од вториот договор (М1) и.т.н., во зависност од бројот на договорите во месецот. Доколку постојат два договори во еден ист месец, во тој случај во полето 3.28 во првиот ред се пополнува датумот на престанок на работниот однос, во полето 3.29 се внесува шифра 2 – престанок, а во полето 3.30 се внесува број 1 кој го означува првиот договор (кој се прекинува). Во вториот ред (за вториот договор) во полето 3.27 се пополнува датумот на засновање на работниот однос, во поле 3.29 се внесува шифра 1 - почеток на работен

7) Види и презентација бр.3 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

однос, додека во поле 3.30 се внесува број 2 кој го означува вториот договор во месецот (кој започнува).
Доколку по пријавата во работен однос повторно има престанок, тогаш постапката за пополнување на полето 3.29 се повторува, а во полето 3.30 се пополнува шифра 2 (со што се означува престанок на вториот договор).
Редниот број во поле 3.0. во двата (или повеќе) реда за исто лице треба да биде ист.

## Пресметување и исплата на плата на два или повеќе пати во месецот (како дел од плата за месецот)[8]

Обврзникот кој пресметувањето и исплатата на плата ја врши како дел од плата во месецот на два или повеќе пати, за секој пресметан и исплатен дел соодветно пресметува придонеси и персонален данок, без притоа да се користи личното ослободување:

- ✓ При исплата на дел од плата се пополнуваат податоци само за обврзниците за кои се исплатува дел од платата;
- ✓ Во полето 1.3 се пополнува шифра 100 (дел од плата);
- ✓ Месецот за кој се пресметува и плаќа придонесот (1.1 и 1.2) е еднаков на месецот во кој се поднесува образецот МПИН;
- ✓ Пресметката на персоналниот данок се врши со намалување на платата за износот на придонесите, без одбивање на износот на личното ослободување;
- ✓ Не се пополнуваат полињата (од 3.5 до 3.12, освен поле 3.7), 3.16, 3.41; 3.42; 3.43; 3.45;
- ✓ По поднесената аконтација, во законскиот рок мора да се поднесе конечна пресметка на плата со шифра 333 во поле 1.3, со сите податоци во која се користи личното ослободување.

## Исплата на плата по деловна успешност на работодавачот[9]

Обврзникот кој врши исплата на плата по деловна успешност на работодавачот го пополнува образецот МПИН на следниот начин:

- ✓ Во поле 1.1 и 1.2 месец и година, се пополнува месецот и годината на поднесување на образецот МПИН;
- ✓ Во поле 1.3 се пополнува шифра 102;

8) Види и презентација бр.4 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774
9) Види и презентација бр.5 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

- ✓ Даночно олеснување не се користи за пресметка на персоналниот данок од плата;
- ✓ Не се пополнуваат полињата (од 3.5 до 3.12, освен 3.7), 3.16, 3.41; 3.42; 3.43; 3.45;
- ✓ Во 3.17 да се внесе шифра 0050.

За обврзниците кои се членови на приватните пензиски фондови, како и за сите други обврзници, не треба да се надмине годишниот износ за највисоката основица од дванаесет просечни плати, бидејќи со овој износ автоматски се зголемува платата, односно основицата на осигурување на обврзникот.

## Пресметување на разлика на плата или исправка на податоци за претходни месеци[10]

Образецот МПИН со кој се врши исправка или исплата на разлика на плата е соодветен на месецот за кој се однесува, односно во поле 1.1 се пополнува месецот, а во поле 1.2 годината за која се поднесува разликата на плата или исправката на податоците. Во поле 1.3 се пополнува шифрата 103.

- ✓ Во образецот МПИН се вклучени само вработените за кои се однесува исправката на податоци или исплатата на разлика;
- ✓ Образецот МПИН се поднесува за секој месец поодделно за кој се врши исправка на податоци;
- ✓ Поднесените податоци се целосни за месецот за обврзникот за плаќање и ги заменуваат претходните податоци;
- ✓ Се врши споредба со претходно поднесените податоци, за месецот за кој се пресметуваат и плаќаат придонеси и персонален данок, освен за ефективната нето-плата;
- ✓ Исправката на податоци може да се рефлектира позитивно или негативно на износот на придонесите и персоналниот данок;
- ✓ Износ за плаќање ќе се утврди само за позитивните износи;
- ✓ За негативните износи (повеќе платени износи) ќе се генерира поврат од идни уплати, кој поврат автоматски ќе се пребие со износите во наредни конечни пресметки;
- ✓ Повратот се врши по лице и тоа до износот на обврската за плаќање во месецот. Доколку повратот е во поголем износ од обврската, во тој случај остатокот од повратот се пренесува за нареден период.

---

10) Види и презентација бр.6 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

## Пресметка на бруто-плата за вработени со стаж на осигурување со зголемено траење[11]

За овие вработени се пополнуваат два или повеќе реда:
- ✓ Првиот ред е со редовната пресметка;
- ✓ Во вториот ред се задржува истиот реден број, се пополнуваат основните податоци и во поле 3.17 се пополнува шифра за стаж на осигурување со зголемено траење;
- ✓ Во вториот ред каде што се пополнува шифрата за стаж на осигурување со зголемено траење се пополнуваат и полињата 3.18; 3.19а; 3.19б; 3.20; 3.21 и 3.22, а доколку има доплата до минимална основица се пополнува и полето 3.22б.

## Пресметка за вработено инвалидно лице или доколку имате статус на заштитно друштво во согласност со Законот за вработување на инвалидни лица[12]

Доколку имате вработено инвалидно лице пресметката се пополнува редовно, со тоа што дополнително се внесува:
- ✓ Во полето 3.23 се внесува шифра 247;
- ✓ Во полето 3.24 се внесуваат часовите за кои се рефундираат средствата за придонесите од страна на Буџетот на РМ.

Доколку имате статус на заштитно друштво во согласност со Законот за вработување на инвалидни лица, податоците во делот 3 се пополнуваат редовно, со тоа што:
- ✓ Во полето 3.23 се пополнува шифра 244 или 247 во зависност од тоа за која категорија се пополнува (види поле 3.23);
- ✓ Во поле 3.24 се пополнува бројот на часови за кои се рефундираат средствата за придонесите од страна на Буџетот на РМ;
- ✓ Полето 3.25 не се пополнува.

Доколку обврската за плаќање на придонесите за месецот е дел на обврзникот, а дел за рефундирање од Буџетот на РМ, обврската за плаќање на придонесите

---

11) Види и презентација бр.7 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774
12) Види и презентација бр.8 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

е целосно на товар на обврзникот. За истата обврзникот потребно е да побарува рефундација од Министерството за труд и социјална политика, која е пропорционална според бројот на часови во поле 3.24.
Пред доставување на образецот МПИН, заштитните друштва до Управата за јавни приходи задолжително треба да ги достават следните документи:

- ✓ Потврда издадена од Заедниците за заштитни друштва на Р. Македонија за исполнување на условите од член 9 од Законот за вработување на инвалидни лица. За секое ново вработување или престанок на работен однос се доставува нова потврда издадена од Заедниците за заштитни друштва на Македонија.
- ✓ Список на инвалидни лица, вработени во заштитното друштво со податоци за име и презиме и ЕМБГ.

Пред доставување на образец МПИН, обврзниците кои имаат вработено инвалидно лице, а немаат статус на заштитно друштво задолжително треба да достават:

- ✓ Потврда издадена од Заедниците за заштитни друштва на Македонија за исполнување на условите од член 7 од Законот за вработување на инвалидни лица. За секое ново вработување или престанок на работен однос на инвалидно лице се доставува нова потврда издадена од Заедниците за заштитни друштва на Македонија.

## Пресметка за самовработено лице кое не е обврзник за плаќање на придонес за вработување во случај на невработеност и персоналниот данок на доход го плаќа по Решение на УЈП, а има и вработени за кои се пресметуваат и плаќаат сите придонеси[13]

- ✓ Во образецот МПИН за самовработено лице кое се занимава со интелектуална дејност во поле 1.4 се внесува шифра 111, а за самовработено лице кое се занимава со економска дејност се внесува шифра 112;
- ✓ За самовработеното лице полињата 3.44, 3.45 и 3.46 не се пополнуваат, а во поле 3.176 се пополнува шифрата 001;
- ✓ Доколку самовработеното лице има вработени во поле 3.176 се внесува шифрата 050 и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и персонален данок;

13) Види и презентација бр.9 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

- ✓ За самовработено лице кое се занимава со интелектуална дејност и започнува со вршење на дејноста во тековната година, во полето 3.176 за самовработеното лице се внесува шифра 060;
- ✓ Полето 3.31 за самовработеното лице се пополнува со НУЛА (0).

## Пресметка за обврзник кој припаѓа на слободни технолошки зони, кои се ослободени од плаќање на персонален данок на доход[14]

За овие случаи е специфично што во полето 3.46 се пресметува персоналниот данок, а во полето 3.23 се пополнува шифра 246 за сите вработени со што персоналниот данок се пресметува, но не се плаќа.

## Пресметка кога работникот е на боледување, а неговата плата е пониска од најниската основица[15]

Пресметката за плата со остварени часови на ефективна работа и часови на боледување за плата која е пониска од најниската основица е следна:

*Бруто плата / вкупен број часови во месецот х часови за ефективна работа = бруто плата за ефективни часови*
*Бруто плата / вкупен број часови во месецот х часови за боледување = бруто плата за боледување*

Доплата до минимална основица ќе се смета на следниот начин:

*50% од просечна плата / вкупен број на часови во месецот х часови на ефективна работа = минимум согласно часовите*
*Минимум согласно часовите - бруто плата за ефективни часови = основица за доплата*
*Основица за доплата х стапка на придонес = износ на придонес за доплата до најниска основица*

Пресметка на нето-плата за во полињата 3.7 и 3.10 од клиентскиот софтвер.

*Поле 3.7 = 3.13 / вкупен број часови во месецот х часови за ефективна работа*
*Поле 3.10 = 3.13 - 3.7*

14) Види и презентација бр.10 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)
15) Види и презентација бр.11 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774).

## Пресметка за плата со скратено работно време со доплата до минимална основица[16]

*Работата со скратено работно време = 20 часа неделно*
*Платата за работата со скратено работно време за месец Февруар 2012 = 6.000 денари*
*Основица за пресметка на придонеси е износот на платата = 6.000 денари*
*Доплата до најниска основица = 15.296/184x92часа=7.648 денари (25% од просечната бруто плата)*
*Основица за доплата = 7.648-6.000 = 1.648 денари*

## Пресметка за плата во случај кога вработениот остварил прекувремени часови и неговата плата е повисока од највисоката месечна основица[17]

*Прекувремена работа = 20 часа во месецот*
*Бруто плата за месец февруари 2016 = 500.000 денари*
*Основица за пресметка на придонеси е износот на највисоката месечна основица која е објавена за тековната година според податоците на Државниот завод за статистика*
*Доплата за прекувремени часови =*
*(просечна бруто плата x 12 / работни часа во месецот) x (поле 3.6 + поле 3.66)*

## Пресметка за волонтери[18]

Во полето 1.3. вид на обврска се пополнува шифрата 222, додека во полето 1.4 вид на обврзник се пополнува шифра 110. Се пресметува придонес за осигурување во случај на повреда на работа по стапка од 4%, што претставува придонес за ПИО (поле 3.15). Во пресметката се пополнуваат и полињата за часови ефективна работа, календарски денови, износ за ефективна работа, плата во вкупен износ, нето плата, ефективна нето плата и број на трансакциска сметка. Во поле 3.17 потребно е да се внесе шифрата 2222- лице вон работен однос осигурано во случај на настанување на инвалидност и телесно оштетување. Во поле 3.30 се внесува 1. Износот во поле 3.7 треба да биде еднаков на износот во поле 3.13, а во полето 3.31 се внесува износот на надоместокот за волонтерите што треба да се исплати.
Доколку волонтерот не работи цел месец во тој случај се пополнуваат помалку календарски денови и часови, како и полињата 3.27 или 3.28 и полето 3.29.

16) Види и презентација бр.12 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)
17) Види и презентација бр.13 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)
18) Види и презентација бр.14 од Интерактивното упатство објавено на веб страницата на УЈП (види http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774)

## ПОСТАПКА ЗА ИСПРАВКА НА НЕТОЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ПРЕСМЕТКАТА НА ПЛАТА

Управата за јавни приходи ја контролира и потврдува точноста на податоците за пресметани плати, придонеси и персонален данок.
Доколку се утврди дека податоците не се точни, УЈП го известува обврзникот со доставување на Декларација со известувања или предупредувања или Декларација за одбивање на пресметката поради утврдени грешки.
Обврзникот е должен најдоцна во рок од 3 дена по истекот на рокот за доставување на МПИН пресметката и приемот на декларацијата да ги исправи грешките и да достави точни податоци до Управата за јавни приходи.
Нивото на неусогласеност може да биде **0** - Известување; **1** - Предупредување и **2** - Грешка.

| Шифра на неусогласеност | ОПИС | Ниво на неусогласеност |
|---|---|---|
| 1 | Неусогласеност помеѓу датумот за вработување (3.27) или датумот за престанок (3.28) и шифрата во (3.29). | 2 |
| 2 | Погрешна шифра во (3.9). | 2 |
| 3 | Шифрата во полето (3.9) бара бројот на часови во полето (3.8)>0. | 1 |
| 4 | Погрешна шифра во (3.23). | 2 |
| 5 | Шифрата во полето (3.23) бара износот за нето- платата-основицата во (3.25)>0. | 2 |
| 6 | Шифрата за вид на стаж (3.17) и стаж на осигурување со зголемено траење (3.18) се погрешни. | 2 |
| 7 | Шифрата за вид на стаж (3.17) бара податок во (3.9) или во (3.23), или податокот во нив не е соодветен. | 2 |
| 8 | Податокот во (3.5) е погрешен и не е усогласен со периодот на вработување. | 2 |
| 9 | Бројот на прекувремените часови го надминува дозволеното ограничување. | 2 |
| 10 | Вкупниот број на часови е помалку од дозволениот, нема соодветна шифра во (3.29) или во (3.17). | 1 |
| 11 | Погрешна нето основица во (3.13) и не е еднаква на збирот од полињата (3.7+3.10). | 2 |
| 13 | Погрешна бруто основица во (3.21) и не е еднаква со бруто износот во (3.14). | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Погрешен износ во (3.22), провери го % на стапката на придонес за соодветниот степен на зголемување на стажот. | 2 |
| 16 | Износот за придонес во (3.15) е погрешен, т.е. е погрешно пресметан од (3.14). | 2 |
| 17 | Погрешна доплата до минимална основица во (3.16). | 2 |
| 18 | Пресметаниот придонес во (3.15) го надминува ограничувањето на четири просечни плати. | 2 |
| 20 | % за придонес или износот за лично ослободување не е соодветен за месецот за кој се поднесува и плаќа придонесот. | 2 |
| 21 | Финансиските параметри не се соодветни за месецот за кој се поднесува и плаќа придонесот. | 2 |
| 22 | Месечната просечна плата не е соодветна за месецот за кој се пресметува придонесот. | 2 |
| 23 | Погрешна комбинација на податоците во (1.4) и (1.3). | 2 |
| 24 | Месецот за кој се поднесува и плаќа придонес (1.1 и 1.2) не постои во календарот на финансиските параметри. | 2 |
| 25 | Податокот во (3.23) бара податокот во (3.24)>0. | 2 |
| 26 | Податокот во (3.20) е погрешен. | 1 |
| 27 | Бројот на часови го надминува максимално дозволениот број на работни часови. | 2 |
| 28 | Пресметаната бруто-плата го надминува законски дозволениот минимум за бруто-плата. | 1 |
| 29 | Екстремно отстапување во износот на бруто-платата. | 1 |
| 30 | Бројот на работни часови го надминува ограничувањето поради постоење на повеќе обврзници. | 1 |
| 31 | За вработениот не постојат податоци во матичната евиденција на УЈП. | 2 |
| 32 | Податоците за вработување во (3.27), (3.28) и (3.29) не се усогласени со М1 и М2 пријавите, кои се во евиденцијата на УЈП. | 2 |
| 33 | За податокот во (3.17) се пополнува соодветен датум во (3.27 ), (3.28), (3.29). | 2 |
| 34 | Бројот на часови во (3.24) не може да е поголем од збирот (3.6+3.8). | 2 |
| 36 | Првите пет букви од презимето на осигуреникот во (3.2) не се усогласени со истите во евиденцијата на УЈП според ЕМБ. | 1 |
| 37 | Податоците поднесени од други органи не се претходно регистрирани со решенија (или) како обврска од друг орган. | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Потребен е ЕДБ во (3.26) за органот кој ја презема обврската за плаќање на придонесот. | 2 |
| 39 | Започнат е нов работен однос, но не е завршен претходниот. | 2 |
| 40 | Старосната граница на осигуреникот е под законски дозволената граница. | 1 |
| 41 | Периодот за кој се пресметува придонесот е поголем од датумот на смртта на осигуреникот. | 2 |
| 42 | Не постои пријава за осигурување М1 и нема податок во полињата 3.27 и 3.29. | 2 |
| 43 | Не постои пријава за осигурување М1, но постои податок во полињата 3.27 и 3.29. | 1 |
| 44 | Постои пријава за осигурување М1, полињата 3.28 и 3.29 не се пополнети, недостасува М2 одјава од осигурување. | 2 |
| 45 | Постои пријава за осигурување М1, но полињата 3.28 и 3.29 се пополнети. | 1 |
| 46 | Осигуреникот го нема во МПИН образецот, а за него има соодветна пријава на осигурување М1. | 2 |
| 47 | Осигуреникот поднесен во аконтацијата го нема во конечната пресметка. | 2 |
| 48 | Поднесена е исправка за осигуреник, кој го нема во претходниот МПИН образец. | 2 |
| 49 | Поднесена е разлика на плата по годишна пресметка за осигуреник кој не бил во осигурување во претходната година кај обврзникот. | 2 |
| 50 | Постои образец (М1) со погрешен основ на осигурување, Ве молиме поднесете М3 образец до ФПИОМ и до УЈП за да се ажурираат податоците. | 2 |
| 51 | Датумот на почеток (М1) не е усогласен со податокот во 3.27. | 2 |
| 52 | Датумот на престанок (М2) не е усогласен со податокот во 3.28. | 2 |
| 55 | Ефективните работни часови во (3.6) бараат износ за ефективна нето плата во (3.7). | 2 |
| 56 | Часовите за надомест (3.8) бараат основица во (3.10). | 2 |
| 58 | Бројот на часови што ги плаќа друг орган (3.24) го надминува стандардниот број на работни часови. | 2 |
| 60 | ЕДБ (2.1) е погрешен. | 2 |
| 61 | Нема податок во (2.12). | 2 |
| 62 | Податоците за обврзникот во (делот 2) не се усогласени со податоците во УЈП. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 63 | Погрешна шифра во (2.10) или погрешен повикувачки број во (2.3). | 2 |
| 64 | Нема податок во (2.2). | 2 |
| 65 | Нема податоци во (3.2, 3.3, 3.4). | 2 |
| 66 | Погрешна шифра за општина во (2.10). Инсталирајте ја новата верзија на клиентскиот софтвер. | 2 |
| 68 | Лицето не е регистрирано како инвалидно лице во УЈП и затоа Министерството за финансии не ја презема обврската за плаќање на придонесот. | 1 |
| 69 | Обврзникот го изгуби статусот на Заштитно друштво за сите вработени за месецот. | 0 |
| 70 | Поднесените финансиски параметри не се усогласени со параметрите во системот. | 2 |
| 71 | Месецот за придонес и видот на придонес (101, 333) се поднесени и платени. Исправката на податоци се врши со (103). | 2 |
| 72 | На претходното поднесено МПИН (101, 333) по кое не е извршена уплатата на придонесот, исправката на податоците се врши со 101, а не со 103. | 2 |
| 73 | Претходно доставеното МПИН е заменето. | 0 |
| 74 | Бизнис логиката на УЈП не е најдена. Ова може да биде причина за сите грешки во поднесената информација (контактирајте со УЈП). | 1 |
| 75 | МПИН образецот е поднесен по законски дозволениот рок за поднесување. | 0 |
| 76 | Лицето не поднело медицинска потврда, треба да се поднесе исправка со 103. | 1 |
| 77 | Грешна вредност за месечна просечна нето - плата на РМ (вредноста треба да е еднаква со објавената во Државниот завод за статистика). | 2 |
| 78 | Средства што остануваат за поврат од идни уплати. | 0 |
| 80 | Нема пријава М1. Почеток на вработување деклариран во претходниот месец на поднесување. Ве молиме поднесете М1. | 2 |
| 81 | На претходното поднесено МПИН (222) по кое не е извршена уплатата на придонесот, исправката на податоците се врши со 222, а не со 203. | 2 |
| 82 | Погрешна шифра за деловна единица во полето (3.4). | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 83 | Нулти вредности не се прифатливи без потврда. За осигуреникот нема пополнето податоци за плата и придонес. | 2 |
| 84 | Период на камата. | 0 |
| 85 | Надоместоци декларирани за работник без потврда за работодавач. | 0 |
| 90 | Износот за придонес во (3.40) е погрешен, т.е. е погрешно пресметан од (3.14). | 2 |
| 91 | Износот за придонес во (3.44) е погрешен, т.е. е погрешно пресметан од (3.14). | 2 |
| 92 | Погрешна доплата до минимална основица во (3.41). | 2 |
| 93 | Погрешна доплата до минимална основица во (3.45). | 2 |
| 94 | Износот за придонес во 3.42 е погрешен т.е. е погрешно пресметан од 3.14. | 2 |
| 95 | Погрешна доплата до минимална основица во (3.43). | 2 |
| 96 | Шифрата во 3.176 не е соодветна со параметрите за пресметките. | 2 |
| 97 | Погрешна шифра во (3.46). | 2 |
| 98 | Погрешна доплата до минимална основица во (3.226). | 2 |
| 99 | Погрешна пресметка на износот за персонален данок (3.46). | 1 |
| 100 | Нема податок во 3.30, а постои податок во 3.27 или 3.28. | 2 |
| 101 | Нема податок во 3.27 или 3.28, а има податок во 3.30. | 2 |
| 102 | Погрешен код на општина за персонален данок. | 2 |
| 103 | Погрешен матичен број, следниот пат корегирајте го. | 1 |
| 104 | Трансакциската сметка не е соодветна според ЕМБГ и регистрацијата на банката. | 2 |
| 105 | Часовите во 3.6, 3.6.6, 3.8 и 3.24 не одговараат на бројот на часови во месецот. | 2 |
| 109 | Износот во 3.31 не може да е поголем од износот во 3.13. | 2 |
| 110 | Износот во 3.13 не е правилно пресметан од износот во 3.14. | 2 |
| 111 | Внесената трансакциска сметка не е точна. | 2 |
| 112 | Има повеќе различни трансакциски сметки за еден ист матичен број. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 113 | Трансакциската сметка е внесена и за друг матичен број. | 2 |
| 114 | Вредноста мора да е најмалку нула, а најмногу колку таа во полето 3.13. | 2 |
| 115 | Годината од која е определена основицата задолжително мора да е пополнета. | 2 |
| 116 | Кодот за вид на стаж бара број на часови во истиот ред. | 2 |
| 117 | Работникот не е регистриран за рефундирање на придонеси или персонален данок. | 2 |
| 118 | Часовите за рефундирање на придонеси или персонален не се во согласност со датумот на решението или договорот. | 2 |
| 119 | Кодот во 3.176 не конзистентен со видот на обврзникот. | 2 |
| 120 | Датумите на бенифицираност не се конзистентни со датумите на договорот. | 2 |
| 121 | Работникот е регистриран како лице со инвалидност, проверете го кодот во 3.23. | 1 |
| 122 | Трансакциската сметка на работникот е затворена и не може да се користи. | 2 |
| 123 | За овој ЕМБГ не постои право на ослободување согласно шифрите во 3.176. | 1 |
| 124 | Само вработени со промени треба да поднесуваат со документ со вид на обврска 103. | 2 |
| 125 | Овој документ кој нема да биде платен ќе биде елиминиран, бидејќи одредени вработени се корегирани. | 1 |
| 127 | Проверка на трансакциските сметки во моментот не е возможна. | 2 |
| 128 | Повеќе договори се регистрирани за тековниот месец, проверете ја вашата пријава. | 2 |
| 129 | Нето ефективна плата е нула, а се очекува да има вредност на плата. | 2 |
| 130 | Шифрата за вид на стаж е неконзистентна со шифрата на бенифициран стаж. | 2 |
| 131 | Шифрата на општината не постои во официјалниот регистер за плаќање. | 2 |
| 132 | Веќе постојат повеќе документи со исти податоци. | 2 |
| 133 | Ефективната нето-плата = 0. Ве молиме прегледајте ја точноста. | 1 |
| 136 | Неточен МПИН за соодветниот даночен број. | 2 |
| 160 | Не постојат претходни записи за да се направи прилагодување. | 1 |

## ПОВРАТ НА ПОВЕЌЕ ИЛИ ПОГРЕШНО УПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК

За повеќе или погрешно уплатени придонеси и персонален данок на доход, обврзникот задолжително доставува исправка на податоците преку образецот МПИН, со вид на обврска 103.

Повратот се реализира автоматски, со намалување на обврската за плаќање во наредeн/наредни месеци, освен во одредени случаи кога повратот се реализира со враќање на средствата на сметка.
Во случаите кога неможе да се реализира автоматски поврат, обврзникот за пресметка и уплата поднесува Барање за враќање на повеќе/погрешно платени придонеси и персонален данок од плата (образец "УЈП-УН-3.2-41") до УЈП. Образецот може да се преземе преку следниот веб линк
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/96

Повратот на погрешно или повеќе уплатен придонес за задолжително социјално осигурување го вршат Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РМ, Фондот за здравствено осигурување на РМ и Агенцијата за вработување на РМ преку Управата за јавни приходи, на сметката на исплатителот.

## РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА УПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ ЗА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА И ЗАШТИТНИ ДРУШТВА

Начинот на уплата на социјалните придонеси од страна на заштитните друштва и правни лица кои вработуваат инвалидни лица е следна:

- √ **Заштитното друштво** треба да изврши исплата на бруто-плата (нето-плата и социјални придонеси без персонален данок од доход) за сите вработени работници;
- √ **Работодавачот кој вработил инвалидно лице** кое ги исполнува условите од Законот за вработување на инвалидни лица, за вработеното инвалидно лице треба да изврши исплата на бруто-плата (нето-плата и социјални придонеси без персонален данок на доход) и да исплати бруто-плата (нето-плата, социјални придонеси и персонален данок од доход) за останатите вработени; и
- √ **Инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец** за себе треба да плати социјални придонеси без придонес за вработување и персонален данок од доход и за вработените инвалидни лица треба да изврши исплата на бруто-плата (нето-плата и социјални придонеси без персонален данок на доход) и за вработените неинвалидни лица треба да изврши исплата на бруто-плата (нето-плата и социјални придонеси и персонален данок на доход).

По исплатата на нето-платата на вработените и уплатата на социјалните придонеси од страна на заштитното друштво, работодавачот кој вработил инвалидно лице и инвалидното лице кое самостојно врши дејност како трговец-поединец за себе и своите вработени, Управата за јавни приходи до Министерството за труд и социјална политика по електронски пат доставува податоци за фирмите кои исплатиле плати и уплатиле социјални придонеси.

Врз основа на овие податоци Министерството за труд и социјална политика изготвува Налог за враќање на платените социјани придонеси и врши враќање, односно рефундирање на средствата на исплатителот.

## ПОСТАПКА ЗА НЕПРАВИЛНО ПРЕСМЕТАНИ, УПЛАТЕНИ И НЕУПЛАТЕНИ ПРИДОНЕСИ ДО 2008 ГОДИНА И ЗА ПЕРИОД ОД 2009 ДО 2015 ГОДИНА

### Пресметка и уплата на социјални придонеси и персонален данок за неисплатени плати и исправки на исплатени плати за период од 2009 до 2015 година

При пресметка и уплата на социјални придонеси и персонален данок за неисплатени плати и исправки на исплатени плати за период од 2009 до 2015 година се применуваат законските стапки за социјални придонеси кој важеле за соодветните години, стапката од 10% за персонален данок од плати и личното ослободување објавено во месец јануари за соодветната година, почнувајќи од 2009 година, од страна на Министерот за финансии.

### Наплата на основен долг и камата за неправилно пресметани, уплатени или неуплатени придонеси до 31.12.2008 година

Започнатите постапки од 01.01.2009 година за наплата на основниот долг заедно со законската камата за неправилно пресметани и уплатени или неуплатени придонеси за задолжително социјално осигурување, како и за постапките кои ќе започнат по 01.01.2009 година, а се однесуваат на настанатите долгови на обврзниците по основ на неправилно пресметани и уплатени или неуплатени придонеси за задолжително социјално осигурување за периоди до 01.01.2009 година, ќе завршат според:

- ✓ Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ“, бр. 25/00...217/2015) за придонесот за задолжително здравствено осигурување;
- ✓ Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ“, бр. 92/12...217/2015) за придонесот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување; и
- ✓ Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ“, бр. 37/97...154/2015) за придонесот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Постапките за наплата до 31.12.2008 година се водат и ги завршуваат Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување.

За сите неисплатени плати до 31.12.2008 година, исплатени по 01.01.2009 година пресметката на персоналниот данок на доход од плата ќе се врши на образецот “ПДД-МП“, кои можете да го добиете во даночните канцеларии на УЈП.
При пресметката на неисплатените плати заклучно со 31.12.2008 година, исплатени по 01.01.2009 година, ќе се користи личното ослободување и стапката на персонален данок која важела за 2008 година.

## ИНТЕРАКТИВНИ УПАТСТВА

Интерактивните упатства (видеа) во кои се дадени примери и практично е објаснето како треба да го пополните образецот МПИН во наведените специфични случаи кои може да се појават при изготвувањето на пресметките за плата, може да ги преземете преку веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/kampanji/category/774

- **Пример 1** - Инсталација на код за идентификација.
- **Пример 2** - Инсталација на клиентски софтвер за интегрирана наплата на придонеси.
- **Пример 3** - Како ќе пополните МПИН кога во текот на месецот на некој вработен му престанал работниот однос и повторно во текот на истиот месецот е заснован нов работен однос?
- **Пример 4** - Пресметување и исплата на плата на два или повеќе пати во месецот (како дел од плата за месецот).
- **Пример 5** - Исплата на плата по деловна успешност на работодавачот.
- **Пример 6** - Пресметување на разлика на плата или исправка на податоци за претходни месеци.
- **Пример 7** - Пресметка на бруто-плата за вработени со стаж на осигурување со зголемено траење.
- **Пример 8** - Како ќе пополните МПИН ако имате вработено инвалидно лице или имате статус на заштитно друштво во согласност со Законот за вработување на инвалидни лица?
- **Пример 9** - Пресметка МПИН за самовработено лице кое не е обврзник за плаќање на придонес за вработување во случај на невработеност и персоналниот данок на доход го плаќа по Решение на УЈП, а има и вработени за кои се пресметуваат и плаќаат сите придонеси.
- **Пример 10** - Пресметка за обврзник кој припаѓа на слободни технолошки зони кои се ослободени од плаќање на персонален данок на доход.
- **Пример 11** - Начин на пресметка кога работникот е на боледување, а неговата плата е пониска од најниската основица.
- **Пример 12** - Пресметка за плата со скратено работно време со доплата до минимална основица.
- **Пример 13** - Пресметка за плата во случај кога вработениот остварил прекувремени часови и неговата плата е повисока од шест просечни плати.
- **Пример 14** - Пресметка за плата во случај кога работодавачот вработува волонтери.

ИНФО БРУТО-ПЛАТА

За сите нејаснотии со кои се соочувате во праксата, а се во врска со интегрираната наплата на социјални придонеси и персонален данок на плата, можете да се обратите до одговорните лица (менаџери) за “бруто-плата“ во рамките на дирекцијата на УЈП на која припаѓате:

**Дирекција за големи даночни обврзници**
Контакт: Марија Пеновска
тел. 02/3251 618, моб. 076/446 309
е-пошта: marija.penovska@ujp.gov.mk

**Регионална дирекција Скопје**
Контакт: Зоран Блажевски
тел. 02/3163 411 лок.206, моб. 076/464 888
е-пошта: zoran.blazevski@ujp.gov.mk

**Регионална дирекција Битола**
Контакт: Пеце Стојановски
тел. 047/235 502 лок.115, моб. 076/464 093
е-пошта: pece.stojanovski@ujp.gov.mk

**Регионална дирекција Тетово**
Контакт: Ѓокица Шурдоски
тел. 044/335 515 лок.106, моб. 076/446 370
е-пошта: gjokica.shurdoski@ujp.gov.mk

**Регионална дирекција Штип**
Контакт: Ванчо Мицевски
тел. 032/397 818, моб. 076/464 728
е-пошта: vanco.micevski@ujp.gov.mk

**Регионална дирекција Кавадарци**
Контакт: Наташа Јосифова
тел. 043/411 752, моб. 076/464 330
е-пошта: natasa.josifova@ujp.gov.mk

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

Инфо центар 0800 33 000

Пријави неправилности 198

https://etax-fl.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-70-9